( Образец ПП……)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

| Примено: 16.03.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Организ.ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 18 | 510 | 1/1 | |

**До:** Општина Гевгелија

**(имател на информацијата)**

## Б А Р А Њ Е
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted];
[redacted]
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- Колкав е планираниот буџет на Општината за заштита на животната средина и климатски промени?
- За која цел се наменети тие средства?
- Дали општината планира изградба на депонија за справување со отпадот на ниво на општината?
- Каде се планира да биде локацијата на депонијата доколку е во план да се изгради?
- Како во моментов општината управува со отпадот (собирни центри, депонии и сл.)
- Колку средства ќе се наменат за справување со аерозагадувањето
- Дали Општината има регистар за загадувачи на воздух
- Што се презема во моментов за намалување на аерозагадувањето

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

Во [redacted] ______________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ГЕВГЕЛИЈА

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр. 101/2019) и член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Општина Гевгелија како имател на информација од јавен карактер позитивно одговори на барањето за обезбедување слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted]

О б р а з л о ж е н и е

[redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер со кои располага Општина Гевгелија, бр. 18-510/1 од 16.03.2023 година, кое се однесува на барање до општината, односно барање на информации за:

- Колкав е планираниот буџет на Општината за заштита на животната средина и климатски промени?
- За која цел се наменети тие средства?
- Дали општината планира изградба на депонија за справување со отпадот на ниво на општината?
- Каде се планира да биде локацијата на депонијата доколку е во план да се изгради?
- Како во моментов општината управува со отпадот (собирни центри, депонии и сл.)
- Колку средства ќе се наменат за справување со аерозагадувањето
- Дали Општината има регистар за загадувачи на воздух
- Што се презема во моментов за намалување на аерозагадувањето

Барањето е разгледано и на барателот му се доставува одговорот на барањето.

Бр.18-510//3
16.03.2023 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija - Republika Severna Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бр. 18-510/2**
**16.03.2023 год.**
**Гевгелија**

[redacted]

**Предмет:** Доставување на одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, каде е наведено дека од имателот ја барам следната информација од јавен карактер, ви доставуваме одговор на бараните информации (по наведените прашања),

**1.** Колкав е планираниот буџет на Општината за заштита на животната средина и климатски промени?

- Планираниот буџет на Општина Гевгелија за заштита на животната средина (конкретно како ставка заштита на животната средина) изнесува 700.000 денари
- Ставка климатски промени, нема

**2.** За која цел се наменети тие средства?

Што се однесува пак на програмите кои ги опфаќаат претходно наведените области (заштита на животната средина и климатски промени), односно целите и планираните средства во износи (денари), наведени се во табелата подолу:

| Р. бр. | **Програми поврзани со заштита на животната средина и климатски промени** | |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на јавни прометни површини и одржување на депонии | 2.870.000 |
| 2. | Одржување и поправка на урбана опрема | 3.330.000 |
| 3. | Одржување и користење на паркови и зеленило (зголемување на зелените површини на цела територија на општина Гевгелија) | 6.500.000 |
| 4. | Чистење на речни корита и канали во Општина Гевгелија | 700.000 |
| 5. | Дезинсекција – ларвицидно прскање за заштита од возрасни комарци | 1.565.208 |
| **Износ(вкупно) денари** | | **14.965.205** |

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija - Republika Severna Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk

*Како надополнување на горе наведените планирани средства и износи кои се однесуваат на заштита на животната средина и климатските промени, треба да се додаде дека во општина Гевгелија во тек е проект за изградба на атмосферска канализација долж целата територија на град Гевгелија, како и поврзување на населените места Негорци и Прдејци на новиот водоснабдителен ситем (комплетно нов цевковод со целокупна инфраструктура),
Проект: Програма за водовод и канализација во Македонија, фаза II набавка на работи за општина Гевгелија со вредност: 152.899.522 денари.

**3.** Дали општината планира изградба на депонија за справување со отпадот на ниво на општината?

- Во Мај 2022 година пуштена е во употреба нова времена депонијата за справување со отпад на ниво на општина. Затворена е (старата) депонијата лоцирана покрај реката Вардар, со комплетно завршени градежни активности: чистење на речното корито од отпад и наноси, собирање на отпадот и негово набивање во рамките на предвидената локација, профилирање на депонијата, целосно нејзино насипување со песок и земја, изградба на потпорен зид со систем на дренажа – следи хотрикултурно уредување на целиот простор.

- Со проект на Министерство за животна средина и просторно планирање предвидено е изградба на регионална депонија

**4.** Каде се планира да биде локацијата на депонијата доколку е во план да се изгради?

- Времената депонија е лоцирана на североисток од село Ново Конско.
- По одлука на Министерство за заштита на животната средина и просторно планирање регионалната депонија е планирана да се изгради во Доброшинци Општина Василево

**5.** Како во моментов општината управува со отпадот (собирни центри, депонии и сл.)

- Во моментот во Општина Гевгелија нема собирни центри.

Собирањето, транспортирањето и депонирањето на комуналниот смет и технолошки отпад во новата времена депонија го врши ЈПКД Комуналец Гевгелија.

Собирањето на отпадот во Општина Гевгелија се врши преку подигање во специјални садови-контејнери од 1.1м³, контејнери од 5м³ и канти, распоредени во градот и околните места. Во местата каде нема услови за поставување на контејнери, отпадот се подига во канти или во вреќи.

Собирањето на отпад се врши и по повик од граѓани или правни лица.

- На определени локации во 2023 година во градот Гевгелија ќе се постават ново-набавените 3000 канти за селекција на отпад, Селектираниот отпадот од нив ЈПКД Комуналец ќе го транспортира и депонира во времената депонија.
  (Проект:поставување на урбана опема-контејнери и канти за рециклирање на отпад во град Гевгелија преку Бирото за регионален развој со износ од 2 780 812 ден., 70% Биро за регионален развој 30% Општина Гевгелија)

**6.** Колку средства ќе се наменат за справување со аерозагадувањето

- Конкретно, ставка за справување со аерозагадувањето не е предвидена.

**7.** Дали Општината има регистар за загадувачи на воздух

- Општина Гевгелија нема регистар за загадувачи на воздух.

**8.** Што се презема во моментов за намалување на аерозагадувањето

- Во близина на детската градинка Сончогледи поставена е мерна станица која е поврзана со Републичкиот систем за аерозагадување.

Со почит,

Изработил,
Томе Јанкуловски,
Лице за посредување со информации од јавен карактер

Градоначалник
на општина Гевгелија
Андон Сарамандов

Доставено до:
- насловот
- архива